РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
04 -03- 2022
11-351/1
962

**До:**
**Општина Битола**

**Лица одговорни за давање на информации од јавен карактер:**

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015 и 55/2016, 64/2018 и Службен весник на РСМ бр.98/2019), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

**Образование**

1. Дали општината реализираше некакви проекти за подобрување на училишната инфраструктура во последните 3 години? (Доколку ДА, дали е финансирано од ЕУ?)
2. Дали општината спроведе обука за наставници во последните 3 години? (Доколку ДА, дали е финансирано од ЕУ?)
3. Колку образовни медијатори се активни во ромската заедница?
4. Дали општината финансира некоја друга програма за училишна поддршка за деца Роми?
5. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?
6. Дали и на кој начин образовните прашања може да се решат на локално ниво?
7. Дали општината има капацитет да дизајнира и имплементира проекти за образование?

**Вработување**

1. Дали општината реализираше некој проект за подобрување на вештините и вработувањето во последните 3 години? (Доколку ДА, дали е финансирано од ЕУ, дали и други донатори финансирале, кој го имплементирал проектот, колку Роми учествувале, наведете (процент) број?)
2. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?
3. Дали и на кој начин овие прашања може да се решат на локално ниво?
4. Дали општината има капацитет да дизајнира и реализира проекти за вработување?

**Домување**

1. Дали општината реализираше некој проект за домување во последните 3 години? (Дали аплицираше за финансиска поддршка, дали е финансирано од ЕУ, дали доби средства од други донатори, кој го имплементирал проектот, колку Роми имаат/ле корист, наведете (процент) број?)
2. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?
3. Дали и на кој начин може да се решат станбените прашања на локално ниво?
4. Дали општината има капацитет да дизајнира и реализира проекти за домување?

**Здравство**

1. Дали општината реализираше некој проект за здравствена заштита во/за ромската заедница во последните 3 години? (Дали е финансирано од ЕУ, дали доби средства од други донатори, кој го имплементирал проектот, колку Роми имаат/ле корист, наведете (процент) број?)
2. Колку здравствени медијатори се активни во ромската заедница?
3. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?
4. Дали и на кој начин може здравствените проблеми да се решат на локално ниво?
5. Дали општината има капацитет да дизајнира и реализира здравствени проекти?

**Инклузија**

1. Дали општината спроведе некој проект за промовирање на еднаквост и социјална вклученост во последните 3 години? (Дали е финансирано од ЕУ, дали доби средства од други донатори?)
2. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?
3. Дали и на кој начин може да се решат овие прашања на локално ниво?
4. Дали општината има капацитет да дизајнира и имплементира проекти за инклузија?

**Финансирање**

1. Дали општината има капацитет да аплицира и користи средства од ЕУ или други донатори, вклучувајќи ги и националните фондови?
2. Дали општината е подобна да аплицира за финансирање од други донатори (Швајцарската агенција за развој и соработка, Европска економска област во Норвешка или други)?
3. Која служба(и)/оддел(и) се одговорни/надлежни во оваа област?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил:**
- д) друго ________________________________________

**Барател на информацијата:**

(**Правна поука:** Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информацијата од јавен карактер)

**Место:** Битола
**Датум:** 04.03.2022 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Виолета Налевска
Раководител на одделение за јавни дејности

Бр.11-35/2
04.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-35/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примил
07.03.22

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 07-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-35/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање со бр. 11-35/2 од 04.03.2022

Во врска со Вашето барање бр. 11-35/2 од 04.03.2022 Ве информираме

**Образование**

1. Има инфраструктурни проекти но со средства од МОН и Општина Битола.
2. Има обуки но со средства од МОН
3. Немаме информација
4. Немаме
5. Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ и одд. за јавни дејности
6. Целосно не нема надлежност и финансиски средства
7. Да во соработка со надворешни консултанти

**Вработување**

1. Нема проекти
2. Одд. за економски развој
3. Делумно да
4. Да во соработка со надворешни консултанти

**Домување**

1. Во тек е проект Баир здружена акција финансиран од ДЕУ преку кој ќе се реновираат 10 куќи , поддршка при легализација и изработка на 3 –ДУП за населба Баир.Корист цела ромска заедница која живее во населба Баир.
2. Одд. за економски развој
3. Да со финансиска поддршка од донатори и Влада
4. Да во соработка со надворешни консултанти

**Здравство**

1. Здравје на ромите 2 Еразмус проект во соработка со Сумнал Битола.
2. Активен е 1 медијатор а со проектот ќе се ангажираат дополнително 2 и отвори Здравствен центра за роми.
3. Не бидејќи не е надлежност на општината
4. Со поддршка и соработка на сите локални здравствени институции и ЗГ

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

**Инклузија**

1. Инклузија на деца роми во градинките каде општината издвојува год. 650.000 ден за партизипација на деца роми во градинка.
2. Одд.за јавни дејности
3. Поголема соработка на надлежните институции и повеќе финансиски средства
4. Да во соработка со надворешен консултант

**Финансирање**

1. Да но со поддршка на надворешни консултанти кои имаат искуство во оваа област.
2. Да мислиме дека сме.
3. Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ во соработка со соодветните одд. согласно проблематиката

Со почит,

07.03.2022

Раководител на одд. за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-35/4
10.03.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на **ул.** поднесено на **04.03.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Образование Прашање бр.2 Вработување Прашање бр.3 Домување Прашање бр.4 Здравство Прашање бр.5 Инклузија Прашање бр.6 Финансирање **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-35/1
2. Допис до Одделение за јавни дејности со бр.11-35/2 од 04.03.2022
3. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр.11-35/3 од 07.03.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 10.03.2022 година, под бр. 11-35/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk